**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4035/**

# З А П И С Н И К

**Од 156.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 27.07.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Сузана Николовска-Одделение за сметководство. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,156.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 155.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за доставување на барање до УЈП за одлагање на плаќање на даночен долг по основ на данок на добивка и камата по основ Решение за присилна наплата на парични средства со бр.27-26-63/423 од 09.07.2021 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 155.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 155.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 155.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 155.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информација за доставување на барање до УЈП за одлагање на плаќање на даночен долг по основ на данок на добивка и камата по основ Решение за присилна наплата на парични средства со бр.27-26-63/423 од 09.07.2021 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните потенцираше дека ова претставува сериозна работа, и дека сметката на МРТ е блокирана поради не платен данок на добивка, а со тоа е загрозено целокупното функционирање на куќата.Ние како совет од менаџментот постојано добиваме информации дека редовно се сервисираат обврските, и не знаеме како е настаната вакавата ситуација.
По однос на оваа точка беше добиена информација и како течела расправата по истата точка на седница на Надзорниот одбор на МРТ одржана истиот ден, и беше потенцирано дека е добро што Надзорниот одбор ги испитува различните можности што да се превземе за настанатиот проблем.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакана дека давањето согласност е во целосна надлежност на Надзорниот одбор на МРТ, а дека на Програмски совет се разгледува само од информативен карактер.
Членот Ивана Трајковска праша дали и зошто никој од менаџментот не е присутен на седницата со цел да објасни како дошло до оваа ситуација. Таа и додаде дека е непријатно изненадена од ваквата блокада, при тоа истакнувајќи дека верува дека никој од членовите на ПС не очекувал ваков проблем со кој ќе се блокира целосното функционирање на куќата. Ивана и истакна дека за неа лично задолжување на имотот е многу непопуларна мерка и побара од менаџментот да и се објаснат другите опции кои ги има куќата со цел решавање на проблемот и одблокирање на ку
ќата.Таа и побара за следната седница да добие одговор на прашањето што ќе се случи доколку при задолжен имот куќата се соочи со повторна блокада во иднина? Исто така, побара информација за тоа до каде е постапката за побарување на средствата кои ни ги должи УЈП по основ на радиодифузна такса.
Ивана и побара детално објаснување за финансиската ликвидност на куќата за некоја наредна седница, при тоа и информација за сите судски спорови кои ги има куќата и амортизација на истите.
Сузана Николовска од одделението за сметководство во своето излагање истакна дека до членовите е доставена инфорамација во врска со материјалот и дека може да додаде дека добиено е Решение од страна на УЈП по основ на долг за камата и тековен ДДВ за наплата, како и тоа дека дополнително е пресметано еднократна такса за наплата на Решението. Притоа истакна дека била остварена средба во УЈП со претставници на управата на која биле присутни таа и Директорот на заеднички функции. На средбата биле претставени причините поради кои е дојдено до ситуација на блокирање на сметката, како и начините на кои ситуацијата може да се реши, за што напомена дека е подобро да биде дообјаснето на наредна седница.
Сметката е блокирана по основ на долг за камата, и кажа дека се работи за долг од постар период, за кој во минатото се ветувало дека ќе биде тргнат, но со оглед на тоа што не бил тргнат МРТ беше доведена во ситуација да го плати главниот долг, а ова сега е камата за задоцнето плаќање на тој долг.

Ристе Панов истакна дека ова преставува притисок на власта врз Јавниот сервис,бидејќи главниот долг е платен, и сега МРТ треба да плаќа средства за нелатени средства по РДТ од граѓаните на МРТ, и мислам дека МРТ треба да направи проценка колку има побарување према УЈП и истите да си ги побара.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија истакна дека и на последните извештаи што ни ги дава ЕУ не советуваа да се договараме со УЈП и да се најде договор за отпис на долговите но за жал менаџментот, но и ние како совет и Надзорниот одбор на МРТ не направивме ништо да го решиме,исто така многу несериозно е што веќе три недели е блокирана сметката на МРТ а со тоа и целата куќа, а менаџерите на МРТ не се присутни на седницава.

Членот Гајур Рамадани истакна дека ова како информација ни дојде како големо изненадување и како што гледаме од текот на работите може да дојде до тоа вработените во МРТ да останат без плата, и ситуацијата може да стане уште посложена.Ние како тело мора да бидеме информирани за вкави сложени состојби и за предходните активонсти кои се превземани и за овие сега што се планира да се превземат, и за наредната седница мора да бидат присутни менаџментот и да добиеме целосна информација, и не може ние за долг од 70.000.000,00 денари да го заложиме целиот имот од зградата.
Косана М Николиќ истакна дека оваа ситуација мора да е разрешиме заеднички со Надзорниот одбор на МРТ и предложи дури и заедничка седница со Надозрниот одбор.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац потенцираше дека верува нанаредна седница ќе присуствуваат и менаџерите и претседателот на Надзорниот одбор на МРТ и дека нештата ќе бидат појаснети пред сите членови на советот и затоа нема потреба од заедничка седница.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледана Одлука од комисијата за избор на програма за отстапување на ТВ права без финансиски надомест за емитување на концерт на Андре Реу,како и за реализација и емитување на концерт на Тамара Тодевска.

Седницата заврши во 14:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател